бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Број: 04-2654/4
Датум: 16. 04. 2018

Врз основа на член 12 став 2, а во врска со член 27 став 2 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на РМ", бр.43/14... 35/18) и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ ", бр.27/14... 11/18), директорот на Управата за јавни приходи донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по Интерен оглас

1. По Интерен оглас бр.1/2018 за унапредување на административни службеници во Управата за јавни приходи, врз основа на Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување бр.04-2654/3 од 13.04.2018 година, се врши избор на следниот/те кандидат/и за унапредување на следното/ите работно/и место/а:

| | |
|---|---|
| Реден број: | 1 |
| Име и презиме: | Марина Јолеска |
| Назив на работно место: | Советник за буџет |
| Дирекција: | Генерална дирекција |
| Организациона единица: | Одделение за буџетска координација и буџетска контрола/Сектор за финансиски прашања |
| Шифра: | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво: | В1 |
| Звање: | Советник |
| Освоени бодови: | 29,86 |

**2.** Се задолжува Секторот за човечки ресурси оваа одлука да ја објави на веб страницата на Управата за јавни приходи.

**3.** Се задолжува Секторот за човечки ресурси во рок од (5) пет дена по конечноста на оваа одлука, да изготви Решение за распоредување со унапредување на избраниот/те кандидат/и.

**4.** Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

По Барање на директорот на Управата за јавни приходи за започнување на постапка за унапредување на административен службеник, бр.08-2368/1 од 28.03.2018 година, а по претходно добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии, бр.18-1180/2 од 13.02.2018 година, на ден 05.04.2018 година на веб страницата на Управата за јавни приходи и Агенцијата за администрација, објавен е Интерен оглас бр.1/2018 за унапредување на административни службеници во Управата за јавни приходи, за пополнување на следните работни места:

**01. УПР 01 01 В01 000 Советник за буџет во Одделение за буџетска координација и буџетска контрола, Сектор за финансиски прашања (1) извршител**

Со Решение на директорот на Управата за јавни приходи бр.04-2654/1 од 11.04.2018 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување.

По спроведување на административна селекција и интервју со кандидатите, Комисијата за селекција за унапредување изготви финална листа од најдобро рангираните кандидати, која заедно со предлог – Одлуката за избор на прворангираниот кандидат ја достави до директорот на Управата за јавни приходи.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од (8) осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Управата за јавни приходи, односно од денот на приемот на одлуката.

Директор

Сања Лукаревска